Уп. Бр. 08-109

Комисијата за заштита на конкуренцијата врз основа на член 28 и член 19 став (1) точка 2) од Законот за заштита на конкуренцијата („Службен весник на Република Македонија“ бр. 145/10, 136/11, 41/2014, 53/16 и 83/18), а постапувајќи по известувањето за концентрација поднесено од РАУЦХ ФРУЦХТСАФТЕ ГМБХ.**,**со седиште на ЛАНГГАССЕ 1, 6830 Ранквеил, Република Австрија**,** доставено преку Филип Јовиќ, адвокат од Скопје, на седницата одржана на ден 23.09.2024 година, го донесе следното

**Р Е Ш Е Н И Е**

Се утврдува дека концентрацијата со која РАУЦХ ФРУЦХТСАФТЕ ГМБХ., со седиште на ЛАНГГАССЕ 1, 6830 Ранквеил, Република Австрија, има намера да стекне самостојна контрола над Друштво за производство трговија и услуги ВИТА РЕС ДОО УВОЗ-ИЗВОЗ РЕСЕН, со регистрирано седиште на ул. 29-ти Ноември бр. 1/26, Ресен, Република Северна Македонија, по пат на купување на удел, иако потпаѓа под одредбите на Законот за заштита на конкуренцијата нема да има за последица значително спречување, ограничување или нарушување на ефективната конкуренција на пазарот или на негов суштински дел, особено како резултат на создавање или зајакнување на доминантната позиција на учесниците и **е во согласност со одредбите на Законот за заштита на конкуренцијата во смисла на член 19 став (1) точка 2) од Законот за заштита на конкуренцијата.**

Се задолжува подносителот на известувањето за концентрација да плати административна такса за известување за концентрација во износ од 6.000,оо ден. и за решението во износ од 30.000,оо ден., по тарифен број 34 од Законот за административни такси („Службен весник на Република Македонија“ бр.17/93, 20/96, 7/98, 13/01, 24/03, 19/04, 61/04, 95/05, 7/06, 70/06, 92/07, 88/08, 130/08, 6/10, 145/10, 17/11) на сметка на Буџетот на Република Северна Македонија бр. 100000000063095, уплатна сметка 840...03161, приходна шифра и програма 72231300.

Тужбата за поведување на управен спор не го одлага извршувањето на решението.

**О б р а з л о ж е н и е**

Согласно член 15 од Законот за заштита на конкуренцијата на на ден 25.07.2024 година, а дополнето на 04.09.2024 година, до Комисијата за заштита на конкуренцијата (во понатамошниот текст: Комисија) доставено е известување за концентрација од страна на РАУЦХ ФРУЦХТСАФТЕ ГМБХ.,со седиште на ЛАНГГАССЕ 1, 6830 Ранквеил, Република Австрија, со која РАУЦХ ФРУЦХТСАФТЕ ГМБХ, ќе стекне контрола над Друштво за производство трговија и услуги ВИТА РЕС ДОО УВОЗ-ИЗВОЗ РЕСЕН, со регистрирано седиште на ул. 29-ти Ноември бр. 1/26, Ресен**,** Република Северна Македонија преку купување на удел.

Комисијата започна со испитување на Известувањето со денот на неговиот прием и врз основа на податоците доставени во Известувањето за концентрација, дополната и прилозите кон истите го утврди следното:

**Основни деловни активности на засегнатите претпријатија:**

**РАУЦХ ФРУЦХТСАФТЕ ГМБХ**., е друштво основано во согласност со законите на Република Австрија, со регистрирано седиште на ЛАНГГАССЕ 1, 6830 Ранквеил, Република Австрија, со регистарски број ФН 68604 п и друштво кое е дел од Групацијата на претпријатија РАУЦХ ФРУЦХТСАФТЕ ГМБХ.

Во целина, Групацијата на претпријатија РАУЦХ зазема три стратешки бизнис полиња.
Покрај производството и продажбата на овошни сокови вклучувајќи ги и брендовите од “Happy Day“ до “Bravo“, “Nativa“ и “Rauch IceTea“, Рауцх е етаблиран и во B2B (бизнис кон бизнис) сегментот. Групацијата Рауцх ја има улогата на производител и продажна компанија за интернационалните купувачи на овошни концентрати за сок и полу-готови производи.
Третото поле се однесува на полнењата по лиценца. Како добавувач на услуги, РАУЦХ полни за други производители на пијалаци со својата експертиза и врвни системи и линии за полнење на лименки, ПЕТ (пластика), картонски (пр. Тетра Пак) и стаклени шишиња.

РАУЦХ ФРУЦХТСАФТЕ ГМБХ не продава полу-готови производи добиени од обработка на овошје и зеленчук на потрошувачи во Р.С.Македонија.

**ВИТА РЕС ДОО УВОЗ-ИЗВОЗ РЕСЕН**, директно е активен во сектор за преработка на овошје и производство на производи добиени од обработката на овошјето и тоа од јаболка, праска, вишна, како и домати(овошни концентрати, овошно пире и овошни смрзнати коцки, како и пире од домати).

ВИТА РЕС ДОО, пласира производи на пазарот во Европа и во Република Северна Македонија.

Вкупен приход на ВИТА РЕС ДОО, остварен во Северна Македонија е поврзан во главно со продажба на полу-готови производи добиени од обработката на овошјето (овошни концентрати, овошно пире и овошни смрзнати коцки).

Комисијата утврди дека пријавената концентрација потпаѓа под одредбите на Законот заштита на конкуренцијата, бидејќи ги исполнува условите од член 12 став (1) точка 2) и од член 14 став (1) точка 1) и 2) од Законот за заштита на конкуренцијата.

Комисијата, имајќи ги предвид критериумите од член 17 став (2), став (3) и став (4) од Законот за заштита на конкуренцијата и точка 6 б) од *Насоките за утврдување на случаите во кои при оценка на концентрациите Комисијата за заштита на конуренцијата вообичаено ќе утврди дека истите се во согласност со Законот за*

*заштита на конкуренцијата*, оцени дека пријавената концентрација, иако потпаѓа под одредбите од Законот, е во согласност со истиот бидејќи нема да има за последица значително спречување, ограничување или нарушување на ефективната конкуренција на пазарот или на негов суштински дел, особено како резултат на создавање или зајакнување на доминатната позиција на учесниците.

Имајќи ја предвид ваквата оценка на концентрацијата, Комисијата одлучи како во диспозитивот на ова Решение, согласно член 19 став (1) точка 2) од Законот заштита на конкуренцијата.

Согласно член 53 став (2) од Законот заштита на конкуренцијата, тужбата не го одлага извршувањето на решението.

**Упатство за правно средство:**

Против ова решение може да се поднесе тужба за поведување на управен спор пред Управниот суд во рок од 30 дена од денот на неговото доставување.

**КОМИСИЈА ЗА ЗАШТИТА НА КОНКУРЕНЦИЈАТА**
**ПРЕТСЕДАТЕЛ**
**Ана Николоска**